МРЕЖА 23

**17.09.2015 година**

**Скопје**

# ЈАВНО ОБРАЌАЊЕ

Во отсуство на објавен План за спроведување на Итните реформски приоритети на Европската комисија, Мрежа 23 предлага мерки кои ги смета за клучни за нивното исполнување:

1. **Мораториум на избор на судии,** сè до исполнувањето на следниве итни реформски приоритети во областа на правосудството:
   - „Да се деполитизира назначувањето и унапредувањето на судии и обвинители, во практиката, а не само теоретски, врз основа на транспарентни и објективни критериуми, засновани строго на заслуга, применети во транспарентна и отворена постапка“;
   - „Да се воспостави усогласен систем за оценка на резултатите заснован на квалитативни, покрај квантитативните стандарди, како основа за сите одлуки за кариера“;
   - „Да се обезбеди професионалност на Судскиот совет, во практиката, а не само теоретски (т.е. јасно и предвидливо тестирање за примена на законската одредба за “истакнат правник”)“.

   Исполнувањето на овие реформски приоритети треба да биде востановено во дијалог меѓу независните тела, судиите, претставниците на власта, стручната јавност и граѓанскиот сектор.

   Сметаме дека изборот на судии без да се исполнат овие предуслови не само што нема да придонесе, туку и ќе ѝ наштети на независноста на правосудството, без која постојната политичка и институционална криза нема да може да се надмине.

   Единствен оправдан исклучок може да биде изборот на кандидатите со завршена Академијата на судии и јавни обвинители.

   Го повикуваме Судскиот совет на Република Македонија да ја остварува својата надлежност независно, согласност Уставот и законите и да ја има предвид препораката на Европската комисија за проактивно однесување на независните тела.

2. **Мораториум на вработувања во јавниот сектор** до предвремените избори. Единствени исклучоци можат да бидат вработувањата во Канцеларијата на специјалниот јавен обвинител, како и ограничени вработувања во кабинетите на новоизбраните министри.

Прифаќањето на овие мерки би било реален показател на политичката волја на Владата за спроведување на Политичкиот договор и Итните реформски приоритети, како и на посветеноста на независните тела за остварување на нивната уставна улога.

НОВУС Здружение на граѓани

IHR Институт за човекови права

Pactis Center For Strategies and Development

Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници

НВО ИНФОЦЕНТАР

ПЛОШТАД СЛОБОДА

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ / KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA / KOALICIJA SARINE BAŠO NIJAVALO KRISIPE

ЕПИ Институт за европска политика - Скопје

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мрежата 23 е мрежа на 11 граѓански организации, основана во јули 2015 година. Мрежата настојува да се поттикне јавната дебата во Република Македонија за прашањата од областа на правосудството и на темелните права, покриени со Поглавјето 23 од пристапувањето во ЕУ, да се обезбеди влијание врз јавните власти и пошироката јавност, врз основа на истражување и на застапување базирано врз докази и аргументи, како и да се овозможи граѓаните да имаат свој збор во клучните прашања на демократијата и владеењето на правото.

Мрежа 23 ја сочинуваат следниве организации:

- Здружение на граѓани за еднакви можности „Еднаков пристап“ - Скопје
- Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија на Република Македонија - Велес
- Здружение „НОВУС“ - Струмица
- Здружение Плоштад Слобода - здружение за активизам теорија и уметност - Скопје
- Институт за европска политика - Скопје
- Институт за човекови права - Скопје
- Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ - Скопје
- Коалиција „Сите за правично судење“ - Скопје
- НВО Инфоцентар - Скопје
- Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - Скопје
- Центар за стратегии и развој „ПАКТИС“ - Прилеп